# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Наслов***:* Предлог на Закон за инспекција во животната средина

**Доставено барање мислење од:** Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат

**Област:** Заштита и унапредување на животната средина

## ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

### 1. Осврт :

Со овој Предлог на Закон се уредуваат условите за воспоставување на ефикасен систем на инспекција во животната средина на територијата на Република Македонија.

### 2. Разгледани / консултирани дополнителни материјали:

- Закон за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13 и 163/13 )
- Закон за водите (Службен весник на РМ бр. 87/08 )
- Закон за инспекциски надзор (Службен весник на РМ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14 и 33/15 )
- Закон за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр. 124/15 )

Државната Комисија за спречување на корупцијата согласно Законот за спречување на корупцијата (чл.49. став.1 точка 3) и Законот за спречување на судир на интереси (член 21. став. 1 точка. 2), применувајќи ја Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, а постапувајќи по барање мислење за антикорупциска проверка на Предлогот на Закон за инспекција во животната средина го донесе следниот:

### Заклучок

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршената антикорупциска проверка односно анализа и оценка на формата и содржината на Предлогот на Закон за инспекција во животната средина, утврди постоење на корупциски ризици.

Имено, согласно Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата во која е содржана и листата на ризиците од корупцијата, а врз основа на која се спроведе и анализата и проверката на предметниот Предлог на Закон, ДКСК утврди дека во конкретниот случај постојат ризици од корупција во примената на дискреционото овластување, двосмисленост и неидентификуван опсег.

## Образложение

При целосната анализа и проверка на Предлогот на Закон за инспекција во животната средина се констатирани ризици од корупција во следните одредби:

**Член 14.**

**„Раководење со Државниот инспекторат за животна средина"**

Со проверката на член 14 став 4 кој гласи „Мандатот на директорот на Инспекторатот трае четири години " се констатира дека не е утврдено правото на реизбор на директорот и не е изрично наведено дали може да се повтори изборот на директорот и доколку може колку пати би се повторил истиот. Оттаму се оценува дека горецитираниот став од членот 14 создава правна несигурност и можност за различно толкување.

Двосмисленоста како ризик остава можност за различно толкување на траењето на мандатот на директорот на Инспекторатот и можноста за негово продолжување да се толкува на повеќе од еден начин односно според одредени актуелни потреби.

**Член 15.**

**„Услови за именување на директор"**

Со проверката на член 15 став 2 кој гласи „во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност" се констатира дека изречената казна како услов би претставувало пречка лицето да ги исполни условите за именување на директорот на инспекторатот.

Во овој член се посочува на потребата од дообјаснување во поглед на изречената казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно дали забраната во оваа одредба се однесува на општа забрана или забрана за вршење на конкретна професија, дејност или должност поврзана со надлежностите на Инспекторатот.

При антикорупциската проверка на овој Предлог на Закон се утврди дека Предлогот на Закон не содржи прецизни одредби кои изрично ги одредуваат условите за престанокот на функцијата на директорот на Инспекторатот. Исто така не е пропишано во кои случаи престанува вршењето на функцијата директор пред истекот на мандатот.

**Член 17.**

**„Државни инспектори"**

Во ставот 1 од овој член, при таксативното набројување на условите за избор на државни инспектори е употребен терминот „може" што остава простор за толкување, а со тоа и за широка примена на дискреционите овластувања. Изразот „може" во одредени околности претставува непрецизна одредба која покрај несигурност остава простор за постоење на висок корупциски ризик.

Со проверката на целиот Предлог на Закон се констатира дека изразот „може" се споменува и во член 17 став 5 и 6, во член 18 став 11 и член 46 став 4.

Изразот „може" во ставот 1 од овој член остава простор Државниот инспектор во Инспекторатот да има завршено образование од најразлични области. Во ставовите 5 и 6 изразот „може" исто така остава можност за слободен избор за назначување инспектор за вршење инспекција за определена област. Во членот 18 став 11 наведениот израз претставува ризик од дискреционо овластување на градоначалникот кој „може" да назначи овластен инспектор за определен период да врши инспекција. Во членот 46 став 4 во работата на Комисијата за инспекција во животната средина изразот „може" повторно остава простор за избор на учество во Комисијата на претставници од други органи од државната и локалната управа во зависност од потребите.

**Член 18.**

**„Овластени инспектори за животна средина"**

Со проверка на член 18 став 11, се констатира дека се дава преголема слобода на градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје при избор на овластен инспектор за "определен период" заради вршење инспекција само за определена област и/или медиум и/или за определени специјализирани активности.

Врз основа на горенаведеното од вака предложениот член произлегува ризик од корупција кој го опфаќа дискреционото овластување.

Дискреционото овластување како ризик во овој член остава можност општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје при изборот на овластен инспектор за "определен период" заради вршење инспекција само за определена област и/или медиум и/или за определени специјализирани активности да избираат помеѓу две или повеќе можности, односно да го изберат она решение кое сметаат дека е најцелисходно. Кај дискреционите овластувања се врши избор од повеќе можности, строго, конкретно и индивидуално со оглед на потребите во дадениот случај.

Дискреционото овластување во овој член се однесува на временски непрецизираниот период за вршење на инспекција само за определена област и/или медиум и/или за

определени специјализирани активности и изразот "определен период" треба да биде временски прецизно одреден.

**Член 46.**

**„Соработка помеѓу централно и локално ниво во областа на инспекција на животната средина"**

Со проверка на член 46 став 2 кој гласи:

„Комисијата од став 1 на овој член се состои од :

- двајца претставници на Инспекторатот;
- двајца овластени инспектори за животна средина, предложени од страна на ЗЕЛС;
- еден претставник на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од локалната самоуправа и
- двајца претставника на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од животната средина"

се оценува дека постои недостиг од основни критериуми и услови кои треба да ги исполнат кандидатите кои ќе бидат избрани за членови на Комисијата за инспекција во животната средина, бидејќи во спротивно се остава широк простор за дискреција во однос на изборот на претставниците од наведените органи. Исто така потребно е да биде пропишана и процедура што би требало да се спроведе кај органите при избор на кандидати за членови на Комисијата за инспекција во животната средина.

**Член 47.**

**„Надзор над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје"**

Со проверка на член 47 став 4, кој гласи: „Комисијата од став 2 на овој член е составена од три члена, од кои најмалку двајца се државни инспектори" се оценува дека не е прецизно определен составот на Комисијата за надзор за инспекција во животната средина на локално ниво, и дека не се утврдени критериумите за избор на членовите во Комисијата за надзор за инспекција во животната средина на локално ниво и не е прецизно одреден изборот на третиот член од Комисијата за надзор за инспекција во животната средина на локално ниво.

Во овој член се укажува на неопходна потреба од прецизно одредување на критериумите и условите за избор на членовите на Комисијата за надзор за инспекција во животната

средина на локално ниво, како и прецизирање на изборот на третиот член на Комисијата со што би се избегнала можноста за постоење ризик од дискреционо овластување.

## Заклучоци и препораки

Државната комисија за спречување на корупцијата по спроведената анализа и проверка на текстот на Предлогот на Закон и констатираните ризици од корупција донесе заклучок Министерството за животна средина и просторно планирање да ги преоцени предложените решенија во текстот на Предлогот на Закон, а со цел елиминирање на ризиците и тоа во насока на:

- елиминирање на двосмисленоста при изготвување на законот како ризик од корупција;
- прецизирање на правото за реизбор на директорот на инспекторатот и условите за престанок на вршењето на функцијата пред истекот на мандатот;
- прецизирање на изречената казна или прекршочна санкција која би претставувала пречка за исполнување на условите за избор на директор на Инспекторатот и
- пропишување на критериуми и услови за избор на членовите на Комисијата за инспекција во животната средина, и критериуми за избор на третиот член од Комисијата за надзор за инспекција во животната средина на локално ниво.